РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-33/1
08.01.2025 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), Градоначалникот на општина Пробиштип, на ден .................. 2025 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за за систематизација на работните места во Општина Пробиштип

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр.08-1157/1 од 19.10.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр. 08-125/1 од 09.02.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр. 04-123/4 од 20.07.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр. 08-798/1 од 23.08.2018 година, Правилникот за изменување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр. 04-400/1 од 31.03.2021 година, Правилникот за изменување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр.04-603/1 од 28.05.2021 година и Правилникот за изменување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр. 04-661/1 од 11.06.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр. 04-661/4 од 13.12.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр. 04-207/3 од 25.07.2022 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр. 08-732/1 од 19.07.2023 година и Правилникот за изменување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр. 08-542/2 од 18.07.2024 година

Член 2

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Општина Пробиштип, во Одделение за правни и општи работи,по работното место со реден број 3 со шифра УПР 01 01 В01 000, назив на работно место Советник за правни работи и јавни набавки се додава ново работно место кое гласи:

| Одделение за правни и општи работи | |
|---|---|
| Реден број | 3-А |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | Советник за правни и општи работи |
| Број на извршители | 1 |

Скенирано со CamScanner

| | |
|---|---|
| Одговара пред | Раководител на Одделение |
| Вид на образование | Научно истржувачко подрачје: Општествени науки<br>Научно поле: Право |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно,ефективно и ефикасно извршување на стручни и оперативни работи и работни задачи во насока на спроведување и изготвување предлог акти од надлежност на Општина. |
| Работни задачи и обврски | -изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Градоначалникот и Советот<br>-дава мислење на акти од аспект на нивната законитост,ги следе прписите и нивните измебни и доплнувања,<br>- дава правна помош по одредени работи за општината<br>-ги следи и проучува законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа,<br>-изготвува анализи, извештаи и други стручни мислења,<br>-ги информира корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права. |

Член 3

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Општина Пробиштип, во Одделение за комунални работи ,патишта и улици, работното место со реден број 26-Б со шифра на работно место УПР 01 01 В01 000, назив на работно место – Советник за комунална инфраструктура се брише.

Член 4

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и во табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на општина Пробиштип, како составен дел на Правилникот.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за Јавна администрација.

Бр. ..............
2025 година

Градоначалник на Општина
Пробиштип
Драган Анастасов

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

Скенирано со CamScanner

СЕКРЕТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: | 20.01.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 3314 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

**До: Општина Пробиштип**

**Архивски број: 09-291/2**
**Датум: 15.01.2025 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 20 и член 28 точка 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24 ) Министерството за јавна администрација дава:

**СОГЛАСНОСТ**
**на**

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип **со архивски број 08-33/1 од 08.01.2025 година**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Општина Пробиштип**, поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип.

Министерството за јавна администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Скенирано со CamScanner

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **Општина Пробиштип со архивски број 08-33/1 од 08.01.2025 година.**

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Министерство за јавна администрација - Ministria e Administratës Publike, Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Скопје-Shkup

Подготвил: Абдула Јашаров



Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Скенирано со CamScanner